РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-947/4
01-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предмет со број 12-2025/1 од 23.07.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности во постапка за јавна набавка на ЈПКД „-------------------" ----------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа за предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2025/1 од 23.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 23.07.2025 година, до ДКСК доставена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за јавна набавка на ЈПКД „-------------------" -----------------, за набавка на Алуминиум сулфат за вода за пиење, спроведена врз основа на оглас со бр.---------/2025. Сомневањата се однесуваат на начинот на испорака на предметот на набавката, со тоа што носителот на набавката бил должен предметот на набавката да го испорачува сукцесивно во рок од три дена од денот на добивањето на требовањето, за период од една година од потпишување на договорот, на локација – магацин во фабрика за обработка на вода на ЈПКД „-----------------" ---------------, со паритет рачно истоварено.

Подносителот истата пријава ја доставил и до Бирото за јавни набавки кое ја разгледало истата и во копија била доставена до Државниот завод за ревизија. Воедно, Бирото му укажал на подносителот дека економските оператори, кои учествувале во постапката за јавна набавка, можеле да го искористат правото да поставуваат прашања уште во текот на постапката и дека

согласно член 138 од Законот за јавни набавки имаат право на жалба против одлуките донесени од страна на договорните органи во постапката за јавна набавка.

Од увид во јавно достапна документација на Електронскиот систем за јавни набавки, ДКСК констатира дека:
-предметната јавна набавка била предвидена во Годишниот план за јавни набавки 2025 година на ЈПКД „----------------“ --------------------;
- огласот за јавната набавка бил објавен на 12.03.2025 година со бр.-----------/2025;
- критериум за избор на поднудувач била најповолна понудена цена а проценета вредност на набавката со ДДВ била 7.080.000,00 денари;
-на јавниот оглас се пријавил само еден понудувач ДПИ ----------------------- – ДООЕЛ --------- со понуда во вредност од 5.794.500,00 без ДДВ и 6.837.510,00 денари со ДДВ;
-на ден 15.04.2025 година, договорниот орган склучил Договор за јавна набавка на стоки со единствениот поднудувач и во член 6 на истиот е предвиден начинот на испорака на стоката. Договорот е склучен на вкупна цена од 6.837.510,00 денари со ДДВ, со времетраење од една година, што е во рамките на проценетеата вредност од 7.080.000,00 денари;
-Во период од август-октомври дошло до намалување на квалитетот на водата од Брана ----------, при што биле потребни поголеми количини од реагенсите за прочистување на водата во фабриката за обработка на водата. За истото било известено Бирото за јавни набавки (БЈН) на 24.11.2025 година, па поради горенаведените причини се пристапило кон измена на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност, за набавка на стоки, услуги и работи од првичниот носител на набавката, кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, како и поради зголемена потреба од алуминиум сулфат од набавката. Вредноста на договорот е променета во 7.321.370 денари со ДДВ.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК се обрати со барање за доставување на информации до Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН), Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Општина Струмица-Одделение за внатрешна ревизија.

ДКЖЈН извести дека не постапува по жалба поднесена против Одлуката донесена во постапка за јавна набавка спроведена врз основа на оглас бр.----------/2025 за набавка на Алуминиум сулфат за вода за пиење објавен од страна на ЈПКД -------------- --------------.

ДЗР информира дека во Програмата за работа за 2025 година на Државниот завод за ревизија, не е планирано вршење на ревизија во ЈПКД „---------------“ --------------------.

На ден 20.04.2026 година, Општина Струмица ја информира ДКСК со доставување на Ревизорски извештај за извршена ревизија на постапката за јавна набавка на Алуминиум сулфат за вода за

пиење, спроведена врз основа на јавен оглас бр.-----------/2025, односно за начинот на реализација на склучениот договор со бр.-----------/4 од 15.04.2025, во кој се наведува дека:
„По однос на измената на договорот Внатрешната комисија констатира дека истата е извршена во согласност на член 119 од Законот за јавните набавки, односно вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не го надминува 20% на вкупната вредност на основниот договор.
По однос на начинот на испорака на предметот на набавката, внатрешната ревизија констатира дека испораката се извршила согласно со член 6, 11, 12, 18, 19 и 20 од договорот, односно дека поседуваат уредна документација на требувања, на испратници, применици, извештај од акредитирана лабораторија за баран квалитет на водата при секоја испорака.
По однос на плаќањето на носителот на набавката, внатрешната ревизија констатирала дека плаќањата не се извршени во определениот рок, односно во рок од 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган. Видно во финансиските картици, ревизорот констатирал дека плаќањата по основ на договорот во износ од 7.321.370 денари договорниот орган исплатил 0 денари.
Внатрешната ревизија констатирала и дека договорниот орган исплатил 3.250.000,00 денари во 2025 година и 2.750.00,00 денари во 2026 година за фактури од претходни договори со истиот носител на набавка“.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметната постапка за јавна набавка постапил друг надлежен орган – Единица за внатрешна ревизија при Општина Струмица - кој извршил ревизија со цел да се добие разумно уверување дека реализацијата на договорот е во согласност со законските прописи, согласно договорените услови и процедури во склучениот договор и дека домаќински и одгворно се трошени финансиските средства на јавното претријатие. При ревизијата не биле утврдени неправилности во предметната постапка за јавна набавка и биле дадени препораки претријатието во иднина да предвидува поголем рок при креирањето на динамиката и начинот на испорака на стоката и рок на валута, а заради запазување на роковите на испорака и на договорените рокови.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar